*2018*

# ЗАПИСНИК од 5.та редовна седница на Советот на Општина Берово одржана на ден 18.01.2018 година

*Општина Берово,*
*2018 година*

**З А П И С Н И К**
**од 5.та РЕДОВНА седница на Советот на Општина Берово одржана на ден 18.01.2018 година во салата за состаноци при Општина Берово со почеток во 10:00 часот**

Седницата ја отвори и со неа раководеше Јован Матеничарски, претседател на Советот на Општина Берово.

Од вкупно 15 советници, на седницата беа присутни 15 советници: Јован Матеничарски, Горан Фидански, Јован Ковачовски, Герасим Гриовски, Александар Чамовски, Даниела Кржовска, Славица Фурнациска, Гоце Ружински, Јованка Василевска – Петрушева, Предраг Монев, Благица Русковска, Фахрудин Мустафов, Емилија Пачемска, Влатко Буровски и Драган Мустачки.

На седницата исто така присуствуваше градоначалникот Звонко Пекевски, Раководителот на Одделение за правни и општи работи Анита Рунтевски, Зорица Ризовска, Помлад соработник за селекција и вработување, оценување и стручно оспособување и Раководителот на Одделението за локален економски развој Ѓорѓи Пеовски, од редот на вработените во Општина Берово.

На седницата за образложение на поднесените предлози и одлуки, исто така беа присутни и в.д. директорот на ЈПКР „Услуга" Берово и вработената во ЈПКР „Услуга" Берово Јасмина Коколанска.

За работата на Советот на оваа седница, Претседателот на Советот Јован Матеничарски го предложи следниот:

**ПРЕДЛОГ ДНЕВЕН РЕД:**

1. *Усвојување на Записник од 4-та седница на Совет на Општина Берово;*
2. *Решение за запирање на објавување на Одлука за давање на согласност на Годишниот План за вработување на Општина Берово за 2018 година, Бр. 08-40/11 од 03.01.2018 година;*
3. *Решение за запирање на објавување на Одлука за давање на согласност на Годишниот План за вработување на ОЈУДГ "23 Август" Берово за 2018 година, Бр. 08-40/12 од 03.01.2018 година;*
4. *Решение за запирање на објавување на Одлука за давање на согласност на Годишниот План за вработување на Општинска јавна установа за социјална заштита на стари лица "Д-р Иван Влашки Берово" за 2018 година, Бр. Бр.08-40/21 д 03.01.2018 година;*
5. *Одлука за критериумите и постапката за распределба на средства за финансирање на активности на Здруженија на граѓани и фондации од Буџетот на Општина Берово;*
6. *Општински акционен План за чистење на природни водотеци и речни корита во сливот на река Брегалница за кои е надлежна Општина Берово;*
7. *Квартален извештај за извршувањето на буџетот за Општина Берово за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2017 година до 31.03.2017 година;*
8. *Квартален извештај за достасани ненамирени обврски Образец К2 за квартал од 01.01.2017 година до 31.03.2017 година;*
9. *Квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините Образец К3 за квартал од 01.01.2017 година до 31.03.2017 година;*
10. *Квартален извештај за извршувањето на буџетот за Општина Берово за извештајниот период (кумулативно) за втор квартал 2017 година;*
11. *Квартален извештај за достасани ненамирени обврски Образец К2 за втор квартал 2017година;*
12. *Квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините Образец К3 за втор квартал 2017година;*
13. *Квартален извештај за извршувањето на буџетот за Општина Берово за извештајниот период (кумулативно) за трет квартал 2017 година;*
14. *Квартален извештај за достасани ненамирени обврски Образец К2 за трет квартал 2017година;*
15. *Квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините Образец К3 за трет квартал 2017година;*

16. *Решение за именување на членови на Надзорен одбор на ЈПКР „Услуга“ – Берово;*
17. *Програма за работа на ЈПКР “Услуга” Берово за 2018 година;*
18. *Шестмесечен извештај за работа на ЈПКР “Услуга” Берово за 2017 година;*
19. *Шестмесечен финансиски извештај на ЈПКР “Услуга” Берово за 2017 година;*
20. *Деветмесечен финансиски извештај за работа на ЈПКР “Услуга” Берово за 2017 година;*
21. *Програма за изведување на екскурзија за учениците од трето одделение при ООУ “Дедо Иљо Малешевски” Берово;*
22. *Програма за изведување на екскурзија за учениците од шесто одделение при ООУ “Дедо Иљо Малешевски” Берово;*
23. *Програма за изведување на екскурзија за учениците од деветто одделение при ООУ “Дедо Иљо Малешевски” Берово;*
24. *Барања од институции и граѓани;*
25. *Советнички иницијативи и прашања.*

Претседателот на Советот отвори расправа по предложениот дневен ред.

Советничката славица Фурнаџиска даде предлог дневниот ред да биде дополнето со одлуките доставени од страна на ЈПКР „Услуга“ Берово, односно:

- *21.точка да биде Одлука за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈПКР „Услуга“ Берово за регулиран период 2018 – 2020 година,*
- *22.ра точка да биде Одлука за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈПКР „Услуга“ Берово за регулиран период 2018 – 2020 година,*
- *23.та точка да биде Одлука за утврдување на тарифа за прочистување на отпадни води на ЈПКР „Услуга“ Берово за регулиран период 2018 – 2020 година*
- *24.та точка од дневен ред да биде Решение за разрешување и именување на член на Управен Одбор во Дом на културата Димитар Беровски Берово, со оглед на тоа што в.д. директорот на Домот на културата Димитар Беровски имаше доставено барање да биде разрешен од член на управен одбор.*

Предлогот на советничката Славица Фурнаџиска за дополнување на дневниот ред за работа на 5.тата седница на Советот на Општина Берово беше ставен на гласање. Од присутните 15 советници, со 15 гласа ЗА, нема советници кои се ВОЗДРЖАНИ, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема присутни советници кои не гласале, Советот го усвои предлог дополнувањето на дневниот ред.

Бидејќи никој друг не се јави за дискусија, Претседателот на Советот ја затвори расправата и го стави на усвојување следниот дневен ред за работа на 5.та редовна седница:

## <u>ДНЕВЕН РЕД:</u>

1. Усвојување на Записник од 4-та седница на Совет на Општина Берово;
2. Решение за запирање на објавување на Одлука за давање на согласност на Годишниот План за вработување на Општина Берово за 2018 година, Бр. 08-40/11 од 03.01.2018 година;
3. Решение за запирање на објавување на Одлука за давање на согласност на Годишниот План за вработување на ОЈУДГ “23 Август” Берово за 2018 година, Бр. 08-40/12 од 03.01.2018 година;
4. Решение за запирање на објавување на Одлука за давање на согласност на Годишниот План за вработување на Општинска јавна установа за социјална заштита на стари лица “Д-р Иван Влашки Берово” за 2018 година, Бр. Бр.08-40/21 д 03.01.2018 година;
5. Одлука за критериумите и постапката за распределба на средства за финансирање на активности на Здруженија на граѓани и фондации од Буџетот на Општина Берово;
6. Општински акционен План за чистење на природни водотеци и речни корита во сливот на река Брегалница за кои е надлежна Општина Берово;
7. Квартален извештај за извршувањето на буџетот за Општина Берово за извештајниот период

(кумулативно) за квартал од 01.01.2017 година до 31.03.2017 година;

8. Квартален извештај за достасани ненамирени обврски Образец К2 за квартал од 01.01.2017 година до 31.03.2017 година;
9. Квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините Образец К3 за квартал од 01.01.2017 година до 31.03.2017 година;
10. Квартален извештај за извршувањето на буџетот за Општина Берово за извештајниот период (кумулативно) за втор квартал 2017 година;
11. Квартален извештај за достасани ненамирени обврски Образец К2 за втор квартал 2017година;
12. Квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините Образец К3 за втор квартал 2017година;
13. Квартален извештај за извршувањето на буџетот за Општина Берово за извештајниот период (кумулативно) за трет квартал 2017 година;
14. Квартален извештај за достасани ненамирени обврски Образец К2 за трет квартал 2017година;
15. Квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините Образец К3 за трет квартал 2017година;
16. Решение за именување на членови на Надзорен одбор на ЈПКР „Услуга“ – Берово;
17. Програма за работа на ЈПКР "Услуга" Берово за 2018 година;
18. Шестмесечен извештај за работа на ЈПКР "Услуга" Берово за 2017 година;
19. Шестмесечен финансиски извештај на ЈПКР "Услуга" Берово за 2017 година;
20. Деветмесечен финансиски извештај за работа на ЈПКР "Услуга" Берово за 2017 година;
21. Одлука за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈПКР „Услуга“ Берово за регулиран период 2018 – 2020 година;
22. Одлука за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈПКР „Услуга“ Берово за регулиран период 2018 – 2020 година;
23. Одлука за утврдување на тарифа за прочистување на отпадни води на ЈПКР „Услуга“ Берово за регулиран период 2018 – 2020 година;
24. Решение за разрешување и именување на член на Управен Одбор во Дом на културата Димитар Беровски Берово;
25. Програма за изведување на екскурзија за учениците од трето одделение при ООУ "Дедо Иљо Малешевски" Берово;
26. Програма за изведување на екскурзија за учениците од шесто одделение при ООУ "Дедо Иљо Малешевски" Берово;
27. Програма за изведување на екскурзија за учениците од деветто одделение при ООУ "Дедо Иљо Малешевски" Берово;
28. Барања од институции и граѓани;
29. Советнички иницијативи и прашања.

Од присутните 15 советници, со 15 гласа ЗА, нема советници кои се ВОЗДРЖАНИ, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема присутни советници кои не гласале, Советот го усвои предложениот ДНЕВЕН РЕД за 5.та редовна седница.

1. ***Усвојување на Записник од 4-та седница на Совет на Општина Берово***

Претседателот на Советот отвори расправа по 1.та точка од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Советот ја затвори расправата и го стави на усвојување на Записникот од 4.та редовна седница на Совет на Општина Берово.

Од присутните 15 советници, со 15 гласа ЗА, нема советници кои се ВОЗДРЖАНИ, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема присутни советници кои не гласале, Советот го усвои на Записникот од 4.та редовна седница на Совет на Општина Берово.

2. ***Решение за запирање на објавување на Одлука за давање на согласност на Годишниот План за вработување на Општина Берово за 2018 година, Бр. 08-40/11 од 03.01.2018 година***

Претседателот на Советот отвори расправа по 2.та точка од дневниот ред.

Советникот Драган Мустачки констатираше дека градоначалникот правилно постапил со тоа што донел решенија за запирање на одлуките и од 2.ра, и од 3.та и од 4.та точка на дневен ред.

Советничката Славица Фурнаџиска даде предлог на Советот да го потврдат Годишниот план за вработување за 2018 година.

Градоначалникот Звонко Пекевски појасни дека се работи за пропуст на Советот што не го донел планот за вработување во законски предвидениот рок. Законска обврска е да биде донесен план за вработување. За да се види дали е исправно или не е, ќе си биде покрената иницијатива за уставност. Тој додаде дека Министерството за информатичко општество и администрација ќе даде согласност, меѓутоа останува спорно датумот на донесување и објава на планот.

Советникот Предраг Монев додаде дека тие поддржуваат да функционира општината, а градоначалникот да си изнајде законска можност и начин.

Претседателот на Советот Јован Матеничарски, повикувајќи се на член 51 од Законот за локална самоуправа, објасни дека ако градоначалникот смета дека прописот на Советот не е во согласност со Уставот и законите, должен е во рок од 7 дена од денот на доставувањето со решение да го запре неговото објавување. Советот е должен во рок од 15 дена од денот на објавувањето на решението да го разгледа решението и да одлучи по него. Ако советот го потврди прописот градоначалникот е должен да го објави и истовремено да поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на оспорениот пропис пред Уставниот Суд на РМ. За иницијативата градоначалникот е должен да го информира министерството надлежно за вршење на работите што се однесуваат на локалната самоуправа.

Советникот Драган Мустачки појасни дека овој состав на Советот не може да усвои Годишен план за вработување за 2018 година во месец декември.

Бидејќи никој друг не се јави за дискусија, Претседателот на Советот ја затвори расправата и го стави на усвојување предлогот даден од советничката Славица Фурнаџиска.

Од присутните 15 советници, со 9 гласа ЗА, нема советници кои се ВОЗДРЖАНИ, и 6 ПРОТИВ, нема присутни советници кои не гласале, Советот го потврди Годишниот План за вработување на Општина Берово за 2018 година.

3. ***Решение за запирање на објавување на Одлука за давање на согласност на Годишниот План за вработување на ОЈУДГ "23 Август" Берово за 2018 година, Бр. 08-40/12 од 03.01.2018 година***

Претседателот на Советот отвори расправа по 3.та точка од дневниот ред.

Советничката Славица Фурнаџиска даде предлог на Советот да го потврдат Годишниот план за вработување за 2018 година.

Бидејќи никој друг не се јави за дискусија, Претседателот на Советот ја затвори расправата и го стави на усвојување предлогот даден од советничката Славица Фурнаџиска.

Од присутните 15 советници, со 9 гласа ЗА, нема советници кои се ВОЗДРЖАНИ, и 6 ПРОТИВ, нема присутни советници кои не гласале, Советот го потврди Годишниот План за вработување на ОЈУДГ „23ти Август" Берово за 2018 година.

4. ***Решение за запирање на објавување на Одлука за давање на согласност на Годишниот План за вработување на Општинска јавна установа за социјална заштита на стари лица "Д-р Иван Влашки Берово" за 2018 година, Бр. Бр.08-40/21 д 03.01.2018 година***

Претседателот на Советот отвори расправа по 4.та точка од дневниот ред.

Советничката Славица Фурнаџиска даде предлог на Советот да го потврдат Годишниот план за

вработување за 2018 година.

Бидејќи никој друг не се јави за дискусија, Претседателот на Советот ја затвори расправата и го стави на усвојување предлогот даден од советничката Славица Фурнаџиска.

Од присутните 15 советници, со 9 гласа ЗА, нема советници кои се ВОЗДРЖАНИ, и 6 ПРОТИВ, нема присутни советници кои не гласале, Советот го потврди Годишниот План за вработување на Општинска јавна установа за социјална заштита на стари лица "Д-р Иван Влашки Берово" за 2018 година.

5. ***Одлука за критериумите и постапката за распределба на средства за финансирање на активности на Здруженија на граѓани и фондации од Буџетот на Општина Берово***

Претседателот на Советот отвори расправа по 5.та точка од дневниот ред.

Раководителот на Одделението за правни и општи работи Анита Рунтевски појасни дека оваа верзија што ја имаат советниците е нацрт верзија од одлуката и дека истата треба да се дополни со член 10 кој ќе гласи „Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на Општина Берово“ и во самата преамбула после член 36 нема став.

За образложение на одлуката беше повикан раководителот на Одделението за локален економски развој Ѓорѓи Пеовски, кој даде кратко појаснување и образложение на предлог одлуката.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Советот ја затвори расправата и ја стави на усвојување Одлуката за критериумите и постапката за распределба на средства за финансирање на активности на Здруженија на граѓани и фондации од Буџетот на Општина Берово со предложените измени и дополнувања.

Од присутните 15 советници, со 15 гласа ЗА, нема советници кои се ВОЗДРЖАНИ, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема присутни советници кои не гласале, Советот ја усвои Одлуката за критериумите и постапката за распределба на средства за финансирање на активности на Здруженија на граѓани и фондации од Буџетот на Општина Берово со предложените измени и дополнувања.

6. ***Општински акционен План за чистење на природни водотеци и речни корита во сливот на река Брегалница за кои е надлежна Општина Берово***

Претседателот на Советот отвори расправа по 6.та точка од дневниот ред.

Претседателот Јован Матеничарски појасни дека ваква програма за прв пат се разгледува и изготвена е како таква според потребите и средствата, и ќе видат како ќе биде годинава.

Градоначалникот Звонко Пекевски додаде дека одлуката е потребна затоа што владата издвојува средства за нафта со која се чисти. Средствата се одобруваат преку Дирекција за заштита и спасување.

Советникот Драган Мустачки даде забелешка дека програмата можело да биде изготвена со табеларен преглед, со период на реализација кој може но и не мора да биде конкретен, и додаде дека одлуката има недостатоци, кои за во иднина треба да се имаат во предвид.

Советникот Предраг Монев додаде дека не е ставено рок на реализација, време на изведба, приоритети, и додаде дека е добро да биде направена анализа и да се наведе се во табеларен преглед.

Градоначалникот Звонко Пекевски појасни дека тоа е само форма со која ќе се аплицира за средства и предложи да остане во таа форма во која е изготвена.

Советникот Предраг Монев посочи дека Ормански поток кога е исчистен не прави проблем, меѓутоа кога не е, прави проблем и инсистираше да се направи поголем напор со стручните служби.

Советничката Благица Русковска предложи да се стави и каналот на улица Вељко Влаховиќ.

Претседателот Јован Матеничарски објасни дека тие се ставени во програма. Ова е за оние кои се надвор од градот. Тој предложи да остане така како што е во таа форма, а одделението за комунални дејности и заштита на животната средина да направи редослед и рамка за реализација.

Бидејќи никој друг не се јави за дискусија, Претседателот на Советот ја затвори расправата и го стави на усвојување Општинскиот акционен План.

Од присутните 15 советници, со 15 гласа ЗА, нема советници кои се ВОЗДРЖАНИ, нема

советници кои гласале ПРОТИВ, нема присутни советници кои не гласале, Советот го усвои Општинскиот акционен План за чистење на природни водотеци и речни корита во сливот на река Брегалница за кои е надлежна Општина Берово.

7. ***Квартален извештај за извршувањето на буџетот за Општина Берово за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2017 година до 31.03.2017 година***

Претседателот на Советот отвори расправа по 7.та точка од дневниот ред.

Советникот Гоце Ружински како претседател на комисијата за финансирање, буџет и ЛЕР појасни дека извештаите се разгледани на состанокот на комисијата и се јавуваат некакви разлики. За појаснување оставиле да се разгледуваат на самата седница.

Градоначалникот Звонко Пекевски објасни дека општината имаше тежок период почнувајќи од тоа дека првин немало буџет, туку имало одлука за времено финансирање, и според тоа во првиот квартал невозможно е да има реализација.

Советничката Славица Фурнаџиска додаде дека, генерално за трите извештаи, планираните вредности се високи, а извршувањето е ниско.

Советникот Гоце Ружински посочи дека слаба реализација во % помеѓу планирано и реализарано има и во втор квартал во К1 образецот и праша на што се должи таа разлика.

Одговорниот сметководител Татјанка Муртовска појасни дека слабата реализација се должи на новата состојба во општината со блокираната сметка на општината и поради тоа немало можност да се сервисираат обврските. Секоја превземена обврска мора да се пријави во системот на е-обврски без разлика дали има ситуација или фактура доставено и мора да се буџетираат средствата. Затоа е повисок износот на проектираното.

Советникот Предраг Монев праша зошто е блокирана сметката на општината.

Градоначалникот Звонко Пекевски појасни дека обврската поради која е блокирана сметката е од 2002 година поради регионалниот водовод. Главнината била 7.000.000,оо, а сега се 31.000.000,оо за наплата. Сите пролонгирале и поради тоа денешната финансиска состојба е налоша до сега за општината. Вкупниот долг изнесува всушност еден годишен буџет на општината. Со самото тоа што е блокирана општината, нема капитални инвестиции, туку сервисирање само на тековни потреби.

Претседателот Јован Матеничарски посочи дека кварталните извештаи не се доставени навреме и за тоа има и казнени одредби. Побара службите во општината да достават пријава до надлежните институции за ненавремената достава на извештаите.

Раководителот на Одделението за правни и општи работи Анита Рунтевски појасни дека не може службите да достават пријава и ако сметаат дека има потреба, да го предложат тоа во точката советнички иницијативи и прашања.

Бидејќи никој друг не се јави за дискусија, Претседателот на Советот ја затвори расправата и го стави на усвојување кварталниот извештај.

Од присутните 15 советници, со 15 гласа ЗА, нема советници кои се ВОЗДРЖАНИ, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема присутни советници кои не гласале, Советот го усвои Кварталниот извештај за извршувањето на буџетот за Општина Берово за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2017 година до 31.03.2017 година.

8. ***Квартален извештај за достасани ненамирени обврски Образец К2 за квартал од 01.01.2017 година до 31.03.2017 година***

Претседателот на Советот отвори расправа по 8.та точка од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Советот ја затвори расправата и го стави на усвојување кварталниот извештај.

Од присутните 15 советници, со 15 гласа ЗА, нема советници кои се ВОЗДРЖАНИ, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема присутни советници кои не гласале, Советот го усвои Кварталниот извештај за достасани ненамирени обврски Образец К2 за квартал од 01.01.2017 година

до 31.03.2017 година.

9. ***Квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините Образец КЗ за квартал од 01.01.2017 година до 31.03.2017 година***

Претседателот на Советот отвори расправа по 9.та точка од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Советот ја затвори расправата и го стави на усвојување кварталниот извештај.

Од присутните 15 советници, со 15 гласа ЗА, нема советници кои се  ВОЗДРЖАНИ, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема присутни советници кои не гласале, Советот го усвои Кварталниот извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините Образец КЗ за квартал од 01.01.2017 година до 31.03.2017 година.

10. ***Квартален извештај за извршувањето на буџетот за Општина Берово за извештајниот период (кумулативно) за втор квартал 2017 година***

Претседателот на Советот отвори расправа по 10.та точка од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Советот ја затвори расправата и го стави на усвојување кварталниот извештај.

Од присутните 15 советници, со 15 гласа ЗА, нема советници кои се  ВОЗДРЖАНИ, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема присутни советници кои не гласале, Советот го усвои Кварталниот извештај за извршувањето на буџетот за Општина Берово за извештајниот период (кумулативно) за втор квартал 2017 година

11. ***Квартален извештај за достасани ненамирени обврски Образец К2 за втор квартал 2017година***

Претседателот на Советот отвори расправа по 11.та точка од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Советот ја затвори расправата и го стави на усвојување кварталниот извештај.

Од присутните 15 советници, со 15 гласа ЗА, нема советници кои се  ВОЗДРЖАНИ, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема присутни советници кои не гласале, Советот го усвои Кварталниот извештај за достасани ненамирени обврски Образец К2 за втор квартал 2017година.

12. ***Квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините Образец КЗ за втор квартал 2017година***

Претседателот на Советот отвори расправа по 12.та точка од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Советот ја затвори расправата и го стави на усвојување кварталниот извештај.

Од присутните 15 советници, со 15 гласа ЗА, нема советници кои се  ВОЗДРЖАНИ, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема присутни советници кои не гласале, Советот го усвои Кварталниот извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините Образец КЗ за втор квартал 2017година

13. ***Квартален извештај за извршувањето на буџетот за Општина Берово за извештајниот период (кумулативно) за трет квартал 2017 година***

Претседателот на Советот отвори расправа по 13.та точка од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Советот ја затвори расправата и го стави на усвојување кварталниот извештај.

Од присутните 15 советници, со 15 гласа ЗА, нема советници кои се ВОЗДРЖАНИ, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема присутни советници кои не гласале, Советот го усвои Кварталниот извештај за извршувањето на буџетот за Општина Берово за извештајниот период (кумулативно) за трет квартал 2017 година.

**14. *Квартален извештај за достасани ненамирени обврски Образец К2 за трет квартал 2017година***

Претседателот на Советот отвори расправа по 14.та точка од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Советот ја затвори расправата и го стави на усвојување кварталниот извештај.

Од присутните 15 советници, со 15 гласа ЗА, нема советници кои се ВОЗДРЖАНИ, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема присутни советници кои не гласале, Советот го усвои Кварталниот извештај за достасани ненамирени обврски Образец К2 за трет квартал 2017година.

**15. *Квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините Образец К3 за трет квартал 2017 година***

Претседателот на Советот отвори расправа по 15.та точка од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Советот ја затвори расправата и го стави на усвојување кварталниот извештај.

Од присутните 15 советници, со 15 гласа ЗА, нема советници кои се ВОЗДРЖАНИ, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема присутни советници кои не гласале, Советот го усвои Кварталниот извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините Образец К3 за трет квартал 2017 година.

**16. *Решение за именување на членови на Надзорен одбор на ЈПКР „Услуга“ – Берово***

Претседателот на Советот отвори расправа по 16.та точка од дневниот ред.

Советничката Славица Фурнаџиска за членови на НО на ЈПКР „Услуга“ ги предложи:

- Сашко Милчовски
- Ивана Чамовска
- Сања Ковачовска
- Звонко Миовски
- Зоран Јовановски

Бидејќи никој друг не се јави за дискусија, Претседателот на Советот ја затвори расправата и го стави на усвојување предлогот на советничката Славица Фурнаџиска.

Од присутните 15 советници, со 9 гласа ЗА, нема советници кои се ВОЗДРЖАНИ, 6 кои гласале ПРОТИВ, нема присутни советници кои не гласале, Советот го усвои Решението за именување на членови на НО на ЈПКР „Услуга“ Берово.

**17. *Програма за работа на ЈПКР “Услуга” Берово за 2018 година***

Претседателот на Советот отвори расправа по 17.та точка од дневниот ред.

Советничката Славица Фурнаџиска констатираше недостатоци во програмата на ЈПКР „Услуга“ Берово, како на пример дека секторот за производство на вода прави дополнителен трошок, во секторот за канализација има проблеми, се ангажираат други комунални претпријатија и се плаќаат дополнителни услуги и слично.

Бидејќи никој друг не се јави за дискусија, Претседателот на Советот ја затвори расправата и ја

стави на усвојување програмата.

Од присутните 15 советници, со 15 гласа ЗА, нема советници кои се ВОЗДРЖАНИ, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема присутни советници кои не гласале, Советот ја усвои Програмата за работа на ЈПКР "Услуга" Берово за 2018 година.

**18. Шестмесечен извештај за работа на ЈПКР "Услуга" Берово за 2017 година**

Претседателот на Советот отвори расправа по 18.та точка од дневниот ред. Тој додаде дека доставата на извештајот е закаснета и нема потреба да се расправа

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Советот ја затвори расправата и го стави на усвојување шестмесечниот извештај.

Од присутните 15 советници, со 15 гласа ЗА, нема советници кои се ВОЗДРЖАНИ, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема присутни советници кои не гласале, Советот го усвои Шестмесечниот извештај за работа на ЈПКР "Услуга" Берово за 2017 година.

**19. Шестмесечен финансиски извештај на ЈПКР "Услуга" Берово за 2017 година**

Претседателот на Советот отвори расправа по 19.та точка од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Советот ја затвори расправата и го стави на усвојување шестмесечниот финансиски извештај.

Од присутните 15 советници, со 15 гласа ЗА, нема советници кои се ВОЗДРЖАНИ, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема присутни советници кои не гласале, Советот го усвои Шестмесечниот финансиски извештај на ЈПКР "Услуга" Берово за 2017 година.

**20. Деветмесечен финансиски извештај за работа на ЈПКР "Услуга" Берово за 2017 година**

Претседателот на Советот отвори расправа по 20.та точка од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Советот ја затвори расправата и го стави на усвојување деветмесечниот финансиски извештај.

Од присутните 15 советници, со 15 гласа ЗА, нема советници кои се ВОЗДРЖАНИ, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема присутни советници кои не гласале, Советот го усвои Деветмесечниот финансиски извештај за работа на ЈПКР "Услуга" Берово за 2017 година.

**21. Одлука за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈПКР „Услуга" Берово за регулиран период 2018 – 2020 година**

Претседателот на Советот отвори расправа по 21.та точка од дневниот ред.

Советничката Славица Фурнаџиска констатираше дека всусшност Советот е продолжена рака на регулаторната комисија, кај која постапката е отпочната уште во 2016 година, а тие како Совет само го потврдуваат Решението донесено од страна на регулаторна комисија.

На седницата беа повикани за образложение в.д.директорот Славчо Лукаревски и вработената Јасмина Коколанска. Од нивна страна беше дадено појаснување во однос на цените и додадоа дека за да бидат запознаени граѓаните, пуштено е и соопштение на локално радио.

Претседателот на Советот ја затвори расправата и ја стави на усвојување одлуката.

Од присутните 15 советници, со 9 гласа ЗА, 6 советници кои се ВОЗДРЖАНИ, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема присутни советници кои не гласале, Советот ја усвои Одлуката за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈПКР „Услуга" Берово за регулиран период 2018 – 2020 година.

**22. Одлука за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈПКР „Услуга" Берово за регулиран период 2018 – 2020 година**

Претседателот на Советот отвори расправа по 22.та точка од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Советот ја затвори расправата и ја стави на усвојување одлуката.

Од присутните 15 советници, со 9 гласа ЗА, 6 советници кои се ВОЗДРЖАНИ, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема присутни советници кои не гласале, Советот ја усвои Одлука за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈПКР „Услуга“ Берово за регулиран период 2018 – 2020 година.

***23. Одлука за утврдување на тарифа за прочистување на отпадни води на ЈПКР „Услуга“ Берово за регулиран период 2018 – 2020 година***

Претседателот на Советот отвори расправа по 23.та точка од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Советот ја затвори расправата и го стави на усвојување

Од присутните 15 советници, со 9 гласа ЗА, 6 советници кои се ВОЗДРЖАНИ, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема присутни советници кои не гласале, Советот го усвои

***24. Решение за разрешување и именување на член на Управен Одбор во Дом на културата Димитар Беровски Берово***

Претседателот на Советот отвори расправа по 24.та точка од дневниот ред. Појасни дека од страна на Звонко Скендерски е доставено барање за разрешување од управен одбор, бидејќи тој е в.д. директор на Домот на културата.

Советничката Славица Фурнаџиска ја предложи вработената во Домот на културата Мирјанка Настевска за член на управен одбор.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Советот ја затвори расправата и го стави на усвојување предлогот на советничката Славица Фурнаџиска.

Од присутните 15 советници, со 15 гласа ЗА, нема советници кои се ВОЗДРЖАНИ, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема присутни советници кои не гласале, Советот го разреши Звонко Скендерски од член на управен одбор и ја именуваше Мирјанка Настевска за член на управен одбор во Домот на културата Димитар Беровски.

***25. Програма за изведување на екскурзија за учениците од трето одделение при ООУ "Дедо Иљо Малешевски" Берово***

Претседателот на Советот отвори расправа по 25.та точка од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Советот ја затвори расправата и ја стави на усвојување Програмата за изведување на екскурзија за учениците од трето одделение при ООУ "Дедо Иљо Малешевски" Берово.

Од присутните 15 советници, со 15 гласа ЗА, нема советници кои се ВОЗДРЖАНИ, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема присутни советници кои не гласале, Советот ја усвои Програмата за изведување на екскурзија за учениците од трето одделение при ООУ "Дедо Иљо Малешевски" Берово.

***26. Програма за изведување на екскурзија за учениците од шесто одделение при ООУ "Дедо Иљо Малешевски" Берово***

Претседателот на Советот отвори расправа по 26.та точка од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Советот ја затвори расправата и ја стави на усвојување Програмата за изведување на екскурзија за учениците од шесто одделение при ООУ "Дедо Иљо Малешевски" Берово.

Од присутните 15 советници, со 15 гласа ЗА, нема советници кои се ВОЗДРЖАНИ, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема присутни советници кои не гласале, Советот ја усвои Програмата

за изведување на екскурзија за учениците од шесто одделение при ООУ "Дедо Иљо Малешевски" Берово.

27. ***Програма за изведување на екскурзија за учениците од деветто одделение при ООУ "Дедо Иљо Малешевски" Берово***

Претседателот на Советот отвори расправа по 27.та точка од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Советот ја затвори расправата и ја стави на усвојување Програмата за изведување на екскурзија за учениците од деветто одделение при ООУ "Дедо Иљо Малешевски" Берово.

Од присутните 15 советници, со 15 гласа ЗА, нема советници кои се ВОЗДРЖАНИ, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема присутни советници кои не гласале, Советот ја усвои Програмата за изведување на екскурзија за учениците од деветто одделение при ООУ "Дедо Иљо Малешевски" Берово.

28. ***Барања од институции и граѓани***

- **Барање од ДУПТ ДОЛОРЕС ДООЕЛ увоз – извоз**
- **Барање за промена на кровна конструкција до Совет на Општина Берово со наш архивски број 09-3138/1 од 22.12.2017 година**
- **Одговор од Совет на Општина Берово:**

„Во врска со Вашето Барање за промена на кровна конструкција доставено до Совет на Општина Берово со наш архивски број 09-3138/1 од 22.12.2017 година, Ве известуваме дека истото беше разгледано на 05.тата седница на Советот на Општина Берово која се одржа на ден 18.01.2018 година.

Со оглед на тоа дека Договорот на Општина Берово со ДУПТ ДОЛОРЕС ДООЕЛ увоз – извоз Берово е истечен, додека не се спроведе постапката за продолжување на договорот, Советот на Општина Берово донесе заклучок барањето не може да се одобри."

- **Барање од група граѓани жители на улица „Партизанска" во с.Русиново**
- **Барање од група Граѓани на улица „Партизанска" во с.Русиново, до Совет на Општина Берово со наш архивски број 09-3165/1 од 25.12.2017 година**
- **Одговор од Совет на Општина Берово:**

„Во врска со Вашето Барање од група Граѓани кои живеат на улица „Партизанска" во с.Русиново, доставено до Совет на Општина Берово со наш архивски број 09-3165/1 од 25.12.2017 година, Ве известуваме дека истото беше разгледано на 05.тата седница на Советот на Општина Берово која се одржа на ден 18.01.2018 година.

Советот на Општина Берово донесе Програма за изградба, реконструкција и одржување на локални патишта и улици во Општина Берово во 2018 година, со архивски број 09-2926/1 од 05.12.2017 година. Во програмата се планирани изградба, доизградба, реконструкција и санирање на улици во Општина Берово, како и изградба, реконструкција и санирање на локални патишта.

Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локални патишта и улици во Општина Берово во 2018 година ќе се реализира во зависност од средствата со кои располага Општина Берово и приливот на финансиски средства од Буџетот и Фондовите на Република Македонија.

Вашето Барање ќе биде достаевно до Одделението за комунални дејности и заштита на животната средина во Општина Берово, за да ја имаат улицата во предвид како руинирана и да биде ставена во приоритетни улици за изградба и реконструкција за 2018 година."

- **Задолжение од Совет на Општина Берово за Одделение за комунални дејности и заштита на животната средина во Општина Берово:**

„ До Советот на Општина Берово доставено е Барање од група Граѓани кои живеат на улица „Партизанска" во с.Русиново, со наш архивски број 09-3165/1 од 25.12.2017 година, кое беше разгледано на 05.тата седница на Советот на Општина Берово која се одржа на ден 18.01.2018 година.

Советот на Општина Берово донесе Програма за изградба, реконструкција и одржување на локални патишта и улици во Општина Берово во 2018 година, со архивски број 09-2926/1 од 05.12.2017 година. Во програмата се планирани изградба, доизградба, реконструкција и санирање на улици во Општина Берово, како и изградба, реконструкција и санирање на локални патишта. Програмата нема определено улици, туку само вкупни вредности за предвидените градежни активности.

Со оглед на тоа дека Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локални патишта и улици во Општина Берово во 2018 година ќе се реализира во зависност од средствата со кои располага Општина Берово и приливот на финансиски средства од Буџетот и Фондовите на Република Македонија, во прилог Ви доставуваме копија од Барање од група Граѓани кои живеат на улица „Партизанска" во с.Русиново, со наш архивски број 09-3165/1 од 25.12.2017 година, за да ја вметнете улица „Партизанска" во с.Русиново во руинирани улици и приоритетни улици за изградба/санација/реконструкција на улици за 2018 година."

- **Иницијатива од Бранко Фурнаџиски**
- **Иницијатива за одбележување на 140 години од Македонското – Кресненското Востание, до Совет на Општина Берово со наш архивски број 09-69/1 од 04.01.2018 година**
- **Одговор од Совет на Општина Берово:**

„Во врска со Вашата Иницијатива за одбележување на 140 години од Македонското – Кресненското Востание, до Совет на Општина Берово со наш архивски број 09-69/1 од 04.01.2018 година, Ве известуваме дека истата беше разгледана на 05.тата седница на Советот на Општина Берово која се одржа на ден 18.01.2018 година.

Советот на Општина Берово донесе Заклучок Вие како подносител на иницијативата, да присуствувате на следната седница на Советот, за што дополнително ќе бидете известени за датум и час на одржување на истата, и подетално да ја образложите иницијативата, како и начинот на организирање и видот на поддршка која ја барате од Општината."

- **Иницијатива од Бранко Фурнаџиски**
- **Иницијатива за одбележување на 200 години од изградбата на црквата Св.Архангел Михаил во Берово, до Совет на Општина Берово со наш архивски број 09-68/1 од 04.01.2018 година**
- **Одговор од Совет на Општина Берово:**

„Во врска со Вашата Иницијатива за одбележување на 200 години од изградбата на црквата Св.Архангел Михаил во Берово, до Совет на Општина Берово со наш архивски број 09-68/1 од 04.01.2018 година, Ве известуваме дека истата беше разгледана на 05.тата седница на Советот на Општина Берово која се одржа на ден 18.01.2018 година.

Советот на Општина Берово донесе Заклучок Вие како подносител на иницијативата, да присуствувате на следната седница на Советот, за што дополнително ќе бидете известени за датум и час на одржување на истата, и подетално да ја образложите иницијативата, како и начинот на организирање и видот на поддршка која ја барате од Општината."

- **Барање од Трговско Друштво за производство, трговија и превоз на патници во друмскиот собраќај АНДОН КОМПАНИАндон и други ДОО увоз – извоз Пехчево**
- **Барање за одобрување на општински возен ред, до Совет на Општина Берово со наш архивски број 09-2804/1 од 01.12.2017 година**
- **Одговор на барање:**

„Во врска со Вашето Барање за одобрување на општински возен ред, доставено до Совет на Општина Берово со наш архивски број 09-2804/1 од 01.12.2017 година, Ве известуваме дека истото беше разгледано на 05.тата седница на Советот на Општина Берово која се одржа на ден 18.01.2018 година.

Со оглед на тоа дека Општина Берово ќе има јавна објава за општински возен ред за што наскоро постапката ќе биде отпочната, Вие ќе можете благовремено да конкурирате на истата."

- **Извештај од ЈПКР „Услуга" Берово**

- Разгледан од Совет на Општина Берово

***29. Советнички иницијативи и прашања***

**Советничка иницијатива од Јован Матеничарски**

Градоначалникот на Општина Берово, до надлежните институции да поднесе соодветна пријава, а во согласност со член 32 став 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, зошто одговорното лице во институцијата во предметниот период на завршување на првиот квартал и вториот квартал во 2017 година, не ги доставила до Советот на Општината кварталните извештаи со образложение за извршување на буџетот во рок од 1 (еден) месец по завршување на кварталот.

**Советничка иницијатива од Драган Мустачки**

Градоначалникот на Општина Берово да ја извести транспарентно јавноста во однос на неизгласувањето на Буџетот за 2017 година и да биде конструктивен во излагањето во однос на состојбата со блокадата на Општината, односно реално и транспарентно да ја информира јавноста за причините за блокирањето на сметката на Општина Берово.

Дневниот ред беше исцрпен, а со тоа и седницата беше затворена. Седницата заврши во 12:25 часот.

Записникот е изработен на ден 18.01.2018 година.

Усвоен:
**Бр. 09- 764/1**
**02.03.2018 година**
**Берово**

*Записничар:* *Претседател на Совет*
*Зорица Ризовска* *Јован Матеничарски*

--------------------------------- *М.П.* ------------------------------

*(потпис)* *(потпис)*